

**1998 година на МЦМС му ја донесе најголемата награда, Наградата за демократија и граѓанско општество, доделена од САД и ЕУ. МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на МСП и вработување. Законот за здруженија на граѓани и фондации е прв успешен пример за лобирање и застапување.**

Периодот 1998-2000 година беше многу значаен за МЦМС, за целата држава и за регионот. МЦМС се фокусира на **одржливиот развој и градењето свест**, наместо на развојот и рехабилитацијата кои беа фокус во претходниот период. И, секако, клучен фокус во овој период беше **градењето на мирот и разбирањето**.

1998 година на МЦМС му донесе неколку успеси: **Наградата за демократија и граѓанско општество**, доделена од САД и ЕУ, започнување на среднорочниот план 1998-2000 година, основањето на **Македонската развојна фондација за претпријатија – МРФП**.

***МЦМС ја доби САД/ЕУ наградата за демократија и граѓанско општество***

На 18 мај 1998 година на МЦМС му беше доделена САД/ЕУ Наградата за демократија и граѓанско општество. „Во име на Соединетите држави на Америка и Европската

заедница, со воодушевување ја истакнуваме вашата храброст и посветеност во промоцијата на основните принципи кои ја поддржуваат демократијата и граѓанското општество. Вашите напори даваат поттик и инспирација за сите нас“, се вели меѓу другото во обраќањето на Бил Клинтон, Жак Сантер и Тони Блер.

САД/ЕУ Наградата за демократија и граѓанско општество е воспоставена една година претходно по повод 50 годишнината од Маршаловиот план и 40 годишнината од Римскиот договор.

“Наградата е големо признание за досегашната работа на МЦМС, но и предизвик за работењето во иднина. Наградата за демократија и граѓанско општество доделена од САД и Европската унија е признание и поддршка за постигнување на идеалот. Таа е потврда дека меѓународната заедница ќе ги поддржи и помогне оние кои се подготвени самите на себе да си помогнат. Можеби МЦМС и сите граѓански организации се немоќни во постигнувањето на идеалот, но наше право е да сонуваме и да работиме за заедничка иднина и за таа цел да дадеме се од себе, заедно“, рече програм директорот на МЦМС Сашо Клековски при добивањето на наградата.

Заради поттикнување на натамошниот развој на демократијата и граѓанското општество, МЦМС одлучи наградата во износ од 20.000 УСД да ја употреби за основање Фонд за награда за придонес во развојот на граѓанското општество на локално ниво.

**„МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на вработување и остварување приходи.”**

**Годишен извештај на МЦМС за 1998 година.**

# МРФП И НАГРАДА ОД ЕУ И САД

1998



1998 година на МЦМС му ја донесе најголемата награда, Наградата за демократија и граѓанско општество, доделена од САД и ЕУ. МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на МСП и вработување. Законот за здруженија на граѓани и фондации е прв успешен пример за лобирање и застапување.